Изработила: Сузана Милошева - Левкова

| **Седмица: 2** **Час: 4**<br>**Датум:** | **Тема 1: Основи на користење компјутер и друга ИТ**<br>**Наставна единица: Правилно седење пред компјутер** | | | | | **Одделение:**<br>**IV** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности<br>Опис | Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| 10 мин. | Да совлада правилна позиција на телото при користење на десктоп компјутер, лаптоп, таблет, смартфон. | **<u>Сите можат:</u>**<br>да ја опишат положбата на телото при секојдневни активности | Започнувам дискусија за положбата на телото при секојдневни активности: Во која положба учите? Како седите на часовите во училиште? Колку часови дневно поминувате пред компјутер?<br>Дискусијата продолжува со прашањето: Дали може да наведете примери кога поради неправилно седење пред компјутер сте имале болки во рацете, нозете или грбот? | 3<br>метод на разговор | Линкови:<br>https://www.youtube.com/watch?v=Whhf55No15U | Дискусија<br>Прашања<br>Одговори |
| 20 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да опишат правилно седење при користење компјутер | - Заклучок од воведната активност е дека при користењето на разните типови компјутер, постојат препораки кои би требало да ги почитуваме за да немаме болки во рацете, нозете и грбот и да не нè болат очите.<br>- Го следиме видео – клипот https://www.youtube.com/watch?v=Whhf55No15U за користење **лаптоп** и **десктоп компјутер**. Во него е прикажан човек, кој користи компјутер, но има неправилна положба на телото. Затоа, едно „раче“ ја коригира положбата на неговото тело, а видеото го стопираме и дискутираме за тоа каква положба на телото имал и каква е коригираната положба на телото. Во видеото се прикажани неколку погрешни позиции на телото.<br>Го следиме и вториот дел од видеото https://www.youtube.com/watch?v=CWonbpItvOA на ист начин како и првиот дел.<br>- За правилно користење на **смартфон**, го следиме видеото https://www.youtube.com/watch?v=4FBMWGGJMbY .<br>- Ги резимираме видеата, на пр. при пишување на тастатурата, дланките и зглобовите на рацете треба да формираат права линија, нозете не смеат да ни висат додека седиме, не смее да се седи згрбавен, екранот треба да биде во висина на очите, после 30-тина минути на компјутер треба да се „размрдаме“ и сл. | 3<br>метод на објаснување<br><br>Документациски метод - визуелни извори на информации<br><br>3<br>метод на дискусија | https://www.youtube.com/watch?v=CWonbpItvOA<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=4FBMWGGJMbY<br><br>Учебник<br><br>Прибор за изработка на цртеж<br><br>Хамер | Набљудување<br>Прашања<br>Одговори |
| 10 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да изработат цртеж со правилна позиција на телото при работа на компјутер | Учениците треба да изработат цртеж со правилна позиција на телото при работа на компјутер. Овие цртежи ќе се употребат за изработка на хамер, за да ги почитуваат правилата за правилно седење и работа на компјутер. | И<br>метод на практична работа | Работен лист | Набљудување |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги /групи / возраста** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: дискусија за положба на телото за извршување секојдневни активности<br>Главен дел: гледање видео клипови со правилна положба на телото при користење компјутер и нивно резимирање, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: изработка на илустрација за правилна позиција на телото при работа на компјутер | Да изработат Работен лист подготвен од наставникот, за правилен став на телото при седење и работа на компјутер. | | | | | Десктоп компјутер, лаптоп компјутер, таблет, смартфон, правилна позиција на телото |

obrazovanie.literatura.mk